## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВОКАЛНО ПЕЕЊЕ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1402-57/3 од 19.3.2018 година донесена на 34. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 19.3.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *вокално пеење* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

– **м-р Милка Ефтимова**, редовен професор во пензија од наставно-научната област вокално пеење на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - **претседател**;
– **м-р Бисерка Цвејиќ,** редовен професор во пензија од наставно-научната област вокално пеење, професор емеритус на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот во Белград, Р. Србија - **член**;
– **д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска,** редовен професор од наставно-научната област музикологија на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - **член**.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 14.2.2018 година и во предвидениот рок се пријави: м-р Борис Трајанов, редовен професор по вокално пеење на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, констатираме дека се доставени сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **проф. м-р Борис Трајанов** е еден од најистакнатите оперски уметници во македонската музичка култура со богата меѓународна кариера. Роден е на 4 ноември 1959 година во Љубљана. Од клучно значење за неговото формирање како оперски пејач се работата во Скопје со неговиот татко, тенорот Гога Трајанов, и големите оперски уметници Бисерка Цвејиќ (кај која магистрирал на Факултетот за музичка уметност во Белград) и Пјер Миранда Фераро во Милано. Дипломира на Факултетот за музичка уметност во Скопје на вокалниот оддел по соло пеење-баритон во 1985 година. Покрај музика, дипломира и математика на Универзитетот во Нови Сад.

Неговата меѓународна кариера започнува во септември 1991 година, во Германија, како прв баритон во Државниот театар Карлсруе (Badische Staatstheater Karlsruhe). Следуваат успешни настапи во многу други германски оперски куќи. Од 1995 година Трајанов ја проширува својата уметничка дејност надвор од Германија, со настапи во оперски куќи во Западна Европа и другите континенти. Во септември 1996 година, поради големиот број на продукции вон Државниот театар Карлсруе, тој станува слободен уметник. Следуваат значајни настапи ширум светот, покрај Германија (337 оперски претстави на 26 оперски сцени), особено во Италија (90 претстави на 30-тина оперски сцени) и Австрија (70 претстави) на кои соработува со некои од најголемите диригентски и пејачки имиња од светот на музиката. За време на богатата кариера, толкувајќи разновиден репертоар од дури 42 водечки баритонски улоги, остварува околу 900 настапи (над 200 концерти и 711 оперски претстави), во бројни оперски куќи и фестивали во Германија (337 оперски претстави на 26 оперски сцени меѓу кои Deutsche Oper Berlin, Staatsoper Hamburg, Oper Frankfurt, Nationaltheater Mannheim, Badisches Staatstheater Karlsruhe, Oper des Bundesstadt Bonn, Oper Köln, Deutsche Oper am Rhein Düsseldorf), Италија (90 претстави на 31

оперска сцена меѓу кои Teatro dell'Opera Roma / во театарот, гостување на римската опера во Кремљ, Москва и на отворено во Terme di Caracalla Rim/, Teatro Comunale Bologna, Teatro Fenice Venezia, Teatro Comunale Firenze, Teatro Massimo Palermo, Teatro Regio Parma, Teatro „Luciano Pavarotti" Modena), Австрија (70 претстави во Volksoper Wien, Oper Graz, Stadttheater Klagenfurt, Festspielhaus Bregenz, Opernfestspiele St. Margarethen i Opern Air Gars), Франција (Opéra de Marseille,UNESCO Grand salle Paris), Монако (Opéra Monte Carlo), Норвешка (Norske Opera Oslo), Велика Британија (Scottish Opera Glasgow /Glasgow, Edinburgh и Bradford/ и The Gibraltar Philharmonic Society, John Mack Hall Gibraltar), САД (Opera Pacific, Lincoln Center New York), Јужна Африка (Nico Opera Cape Town), Русија (Кремљ, Москва- гостување на римска опера), Израел (Israeli Opera Tel Aviv), Бразил (Teatro Municipal São Paolo), Јужна Кореја (Seoul Performing Art Center), Швајцарија (Theater St. Gallen, Theater Basel), Холандија (Opera Zuid Maastricht, Holland Opera Amersfoort, Open Air Rotterdam), Унгарија (Musikfestival „Bartok"), Бугарија, Србија, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина и Македонија. Меѓу другото, го сметаат за еден од најдобрите толкувачи на улогата Скарпија во Пучиниевата „Тоска". За неговиот настап во „Тоска", во водечкиот италијански оперски магазин L'Opera пишува: „*Борис Трајанов е Скарпија пред кој треба да се падне на колена. Веќе неговиот драматуршки ефектен прв настап е до таа мера дијаболичен, што на публиката ѝ го одзема здивот. Замислен и остварен е со една суптилна, перфидна злоба, со една постојана цинична насмевка, но и со потребната бруталност и обдарен со својот идеален јадровит баритон, нè остава стаписани. Во поглед на гласот, како и според интерпретацијата, тој е едноставно среќен случај за претставата*". (L'Opera, февруари 2002)

Кандидатот м-р Борис Трајанов настапува со познати светски имиња, како пејачите Катја Ричерели, Даниела Дели, Бруна Баљони и диригентите Марчело Виоти, Маурицио Арена, Даниел Орен и други.

Оперскиот солист Борис Трајанов е активен и како концертен уметник.

Покрај импозантната бројка на настапи и реализирани главни оперски ролји кои ги потврдуваат големиот талент и посветеност на оперска уметност, неизбежно е да се наведат и некои од неговите престижни светски награди и признанија: Уметник на мирот на УНЕСКО, Оперскиот оскар од австрискиот дневен весник „Kleine Zeitung" за улогата на Скарпија во „Тоска" во Операта Грац, Награда на градот Антверпен на натпреварот „Opera et belcanto", како и државната награда „11 Октомври" за животно дело. Кандидатот е добитник на повеќе награди на интернационални натпревари.

На Денот на независноста - 8 септември во 2014 година м-р Борис Трајанов е прогласен за Национален уметник на Република Македонија.

Од септември 2008 година е во редовен работен однос на Факултетот за музичка уметност (Музичка академија) при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и ја формира Катедрата по соло пеење на овој факултет. Од особено важност за едукацијата на студентите е пренесувањето на неговото огромно искуство и знаење од областа на оперското пеење кое го стекнал ширум светските оперски сцени пеејќи на четири светски јазици (италијански, германски, француски и руски), во соработка со врвни диригенти, режисери, оперски уметници. На 27.3.2014 г. добива Признание од Универзитетскиот сенат на УГД - Штип за неговиот особен придонес во развојот на образованието, науката и афирмацијата на Универзитетот.

Покрај српскиот и хрватскиот, м-р Борис Трајанов говори течно три светски јазици: италијански, германски и англиски јазик.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за повторен избор во звање редовен професор од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети***

1. Редовен професор од научната област во која се избира со диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности;

- кандидатот проф. м-р Борис Трајанов е избран за првпат во звањето редовен професор по наставно-научната област вокално пеење на Музичката академија при УГД во

април 2013 год. од страна на Сенатот на УГД - Штип. На конкурсот тој има приложено диплома за завршено соодветно образование, магистерски студии.

2. Изведба на осум целовечерни концерти (во земјава или во странство);
- кандидатот проф. м-р Борис Трајанов има приложено концертни програми за настапи во 24 оперски претстави, 10 концерти, од кои 20 во земјава и 14 во странство. Изведбите се реализирани во периодот од мај 2013 до март 2018 година и сите се наведени во поглавјето за научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности.
3. Има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници;
- Дипломираните студенти и постдипломци од класата по вокално пеење на проф. м-р Борис Трајанов веќе се вработени и учествуваат во оперскиот музички живот во земјава.
4. Под негово менторство се изработени дипломски или магистерски трудови;
- Дипломираните студенти и постдипломци од класата по вокално пеење на проф. м-р Борис Трајанов редовно настапуваат на концертната и оперска сцена во земјава, а некои веќе настапуваат со познати европски оперски ансамбли.
5. Покажал способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност;
- проф. м-р Борис Трајанов успешно изведува настава на првиот и вториот циклус студии по вокално пеење на Вокално-инструменталниот оддел; Трајанов е редовен член на тимот кој ги креира наставните програми по вокално пеење на Музичката академија во Штип.
6. Има издаден универзитетски учебник или стручна книга/монографија или ЦД /ДВД;
- проф. м-р Борис Трајанов има ДВД од сите реализирани претстави кои се емитувани на телевизиски програми.
7. Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветните единици на Универзитетот.
8. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40, (НИ)=45, (САОР)= 15 или вкупно 100 поени.

| Бр. | Изведувач | Вид на музичка изведба | Наслов на музичкиот настан/манифестација | Место и датум на изведба |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Б. Трајанов | Оперска ролја на Алфио во оперската претстава „Кавалерија Рустикана“ | Отворање на оперска сезона на Македонската опера | Салон на МОБ -Скопје, октомври 2017 г. |
| 2. | Б.Трајанов | Оперска ролја на Жермон во оперската претстава „Травијата“ | Мајски оперски вечери | Салон на МОБ - Скопје, мај 2017 г. |
| 3. | Б. Трајанов | Оперска ролја Евгениј Онегин во оперската претстава „Евгениј Онегин“ | Репертоар на Македонската опера | Салон на МОБ-Скопје, декември 2016 г. |
| 4. | Б.Трајанов | Гала концерт | Resident Artist's friendship Concert IMVAJ | Тел Авив, јули 2016 г. |
| 5. | Б. Трајанов | Оперска ролја Риголето во оперската претстава „Риголето“ | Репертоар на Македонската опера | Салон на МОБ -Скопје, февруари 2016 г. |
| 6.. | Б.Трајанов | Оперска ролја Макбет во оперската претстава „Макбет“ | Отворање на Мајски оперски вечери | Салон на МОБ - Скопје, мај 2015 г. |
| 7. | Б.Трајанов | Оперска ролја Амоназро во оперската претстава „Аида“ | Оперскиот фестивал „Opernfestspiele St. Margarethen“ | Сен Маргаретен, австрија јули-август 2014 г. |
| 8. | Б.Трајанов | Оперска ролја Скарпија во оперската претстава „Тоска“ | Репертоар на Народно позориште | Белград, април 2014 г. |

***Наставно-образовна дејност***

Во 2013 година проф. м-р Борис Трајанов е избран по прв пат за редовен професор по предметот Вокално пеење на Музичката академија при УГД-Штип. Претходно е биран како вонреден професор во 2008 година на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Од изборот во 2013 г. до денес на Музичката академија тој ги предава предметите Вокално пеење и Методика на вокално пеење на Вокално-инструменталниот оддел (Катедра за вокално пеење).

На постдипломските студии на Катедрата по вокално пеење Трајанов го предава предметот Вокално пеење. Во минатиот семестар како ментор кај него успешно ги завршија студиите тројца постдипломци по вокално пеење.

Студентите од класата на проф. м-р Борис Трајанов редовно настапуваат на годишните концерти „Коста Трпков" на млади оперски надежи со оркестарот на МОБ. Неколкумина веќе понесуваат награди на меѓународни натпревари:

- И. Белистојаноски - Прво место во највисоката категорија на натпреварот „Лаза Лазаревиќ" во Белград;
- И. Белистојаноски и Л. Петешев - Прво место на „Романсијада" во Софија;
- И. Белистојаноски - Второ место и Л. Петешев - награда за најнадежен млад уметник на „Романсијада" во Москва.

Студентите М. Владимирова, М. Николовски и И. Белисојаноски настапуваат во операта „Макбет" со ансамблот на Македонската опера и балет на најреномираниот оперски фестивалот во земјава – Мајски оперски вечери, 2015 г.

Непосредно пред магистрирањето во декември 2017 г., солистот на Македонската опера и балет Владимир Саздовски ја започнува интернационалната кариера во Италија со настапите во главните басовски улоги во Teatro di San Carlo Napoli (септември 2017 г.), Ente Concerti Marialisa de Carolis Sassari (октомври 2017 г.), Teatro Verdi Trieste (ноември 2017 г. и јануари 2018 г.).

Проф. м-р Борис Трајанов одржува меѓународен Мастер клас по соло пеење во Ерусалим, Израел (*International Masterclasses and Zamboki Awards of Vocal Arts, Jerusalem*). Неговиот студент Лука Петешев со успех ја толкува насловната улога во праизведбата на современата опера Phiramus and Thisbe.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од април 2013 до март 2018 година проф. м-р Борис Трајанов настапува во 24 оперски претстави и 10 целовечерни гала концерти во признати сали во земјава, како и надвор во Австрија, Израел, Хрватска и Р. Србија, позитивно рецензирани од музичките критичари. Концертите се наведени подолу (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 6 за вкупен број поени од овие опери и концерти):

*оперски претстави*

1. Алфио, во операта „Кавалерија Рустикана" со Македонската опера и балет, МОБ-Скопје (31.10.2017 г.);
2. Жермон во операта „Травијата" со Македонската опера и балет, МОБ- Скопје, Отворање на мајските вечери (9.5.2017 г.); О
3. Евгениј Онегин, во операта „Евгениј Онегин" со Македонската опера и балет, МОБ-Скопје (2.12. 2016 г.);
4. Риголето во операта „Риголето" со Македонската опера и балет, МОБ-Скопје (24.2.2016 г.);
5. Риголето во операта „Риголето" со Македонската опера и балет, МОБ-Скопје (6.2.2016 г.);
6. Макбет, во операта „Макбет" со Македонската опера и балет, МОБ- Скопје (21.10.2015 г.);
7. Макбет, во операта „Макбет" со Македонската опера и балет, МОБ- Скопје (9.10.2015 г.);
8. Симон Боканегра, во операта „Симон Боканегра" со Македонската опера и балет, МОБ-Скопје (26.5.2015 г.);
9. Симон Боканегра, во операта „Симон Боканегра" со Македонската опера и

балет, МОБ-Скопје, Отворање на Мајски оперски вечери (9.5.2015 г.);
10. Шарплес, во операта „Мадама Батерфлај“ со Македонската опера и балет, МОБ-Скопје (17.10.2014 г.);
11. Амоназро, во операта „Аида“ на Оперскиот фестивал „Opernfestspiele St. Margarethen“ во Австрија (17.8.2014 г.);
12. Амоназро, во операта „Аида“ на Оперскиот фестивал „Opernfestspiele St. Margarethen“ во Австрија (9.8.2014 г.);
13. Амоназро, во операта „Аида“ на Оперскиот фестивал „Opernfestspiele St. Margarethen“ во Австрија (7.8.2014 г.);
14. Амоназро, во операта „Аида“ на Оперскиот фестивал „Opernfestspiele St. Margarethen“ во Австрија (2.8.2014 г.);
15. Амоназро, во операта „Аида“ на Оперскиот фестивал „Opernfestspiele St. Margarethen“ во Австрија (31.7.2014 г.);
16. Амоназро, во операта „Аида“ на Оперскиот фестивал „Opernfestspiele St. Margarethen“ во Австрија (26.7.2014 г.);
17. Амоназро, во операта „Аида“ на Оперскиот фестивал „Opernfestspiele St. Margarethen“ во Австрија (25.7.2014 г.);
18. Амоназро, во операта „Аида“ на Оперскиот фестивал „Opernfestspiele St. Margarethen“ во Австрија (20.7.2014 г.);
19. Амоназро, во операта „Аида“ на Оперскиот фестивал „Opernfestspiele St. Margarethen“ во Австрија (19.7.2014 г.);
20. Амоназро, во операта „Аида“ на Оперскиот фестивал „Opernfestspiele St. Margarethen“ во Австрија (18.7.2014 г.);
21. Амоназро, во операта „Аида“ на Оперскиот фестивал „Opernfestspiele St. Margarethen“ во Австрија (11.7.2014 г.);
22. Симон Боканегра, во операта „Симон Боканегра“ со Македонската опера и балет, МОБ-Скопје, Отворање на Мајски оперски вечери (9.5.2014 г.);
23. Скарпија, во операта „Тоска“ во Народно позориште - Белград, Србија (2.4.2014 г.); г.
24. Енрико Ештон, во операта „Лучија ди Ламермур“ со Македонската опера и балет, МОБ-Скопје (11.3.2014 г.).

*Гала концерти*

25. Гала оперски концерт Vive la France со В. Гиновска, З. Сотиров, Е. Сиљановска - Битола (12.12.2017 г.);
26. Руска бајка новогодишен концерт, Македонска опера и балет, МОБ- Скопје (1.1.2017 г.);
27. Resident Artist's friendship Concert IMVAJ, Тел Авив, Израел (30.7.2016 г.);
28. „Vive la France“ - Бисери на фрацуската опера, Македонска опера и балет, МОБ - Скопје (28.10.2016 г.);
29. „За Дамата...“, Гала вечер со кавалерите на МОБ, Македонска опера и балет, МОБ - Скопје (8.3.2016 г.);
30. „На Македонија со љубов“, 30 години на оперската сцена, Македонска опера и балет, МОБ - Скопје, (24.12.2015 г);
31. Новогодишен концерт на воениот оркестар на АРМ, Дом на АРМ-Скопје, (17.12.2014 г.);
32. Концерт во чест на 90. роденден на Бисерка Цвејиќ со Белградска опера Белград (9.12.2013 г.);
33. Гала концерт „Ова е Вагнер“, Македонска опера и балет, МОБ- Скопје (5.10.2013 г.);
34. Вечер на Борис Трајанов со неговите студенти , Штипско културно лето – Безистен, Штип (5.7.2013 г.).

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

35. Кандидатот лично се ангажира за зајакнување на културниот живот, високото образование и за заштита на животната средина во Македонија. Како амбасадор на УНЕСКО - уметник на мирот, проф. м-р Борис Трајанов има постојани активности и

учествува во промовирање на разни меѓународни иницијативи, како што е сегашната Global Launch of the International Piece Movement – Not by Force but by Art under UNESCO Patronage.

36. Од 27.7.2016 до 6.8.2016 г. Мастер клас по соло пеење во Ерусалим, Израел (International Masterclasses and Z*amboki Awards of Vocal Arts, Jerusalem*).

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16 мај 2014 г.), како и по деталното разгледување на комплетната доставена документација наведена во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот проф. м-р Борис Трајнов ги има остварено потребните поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-уметничките активности, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност или вкупно 219 поени (НО+НИ+САОР=50+149+20) од неопходниот минимум од 100 поени.

Преку анализата и оценката на сите наведени постигнувања во периодот од мај 2013 г. до денес може да се констатира дека проф. м-р Борис Трајанов остварува континуиран развој и постигнува значајни резултати во неговите наставни области.

Од претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за **кандидатот проф. м-р Борис Тарајнов да го избере повторно во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научната област вокално пеење.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Милка Ефитмова, редовен професор, претседател, с.р.**
**М-р Бисерка Цвејиќ, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **Број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Прв избор во звање редовен професор на Музичка академија УГД - Штип (од мај 2013 г. до овој реизбор) | 50 | | | | 50 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **50 поени** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **Број** | **поени** | Вкупно |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт 12 оперски претстави во земјава (бр.1-10,22,24); во странство 12 (бр.11-21,23) (8 гала концерти во земјава - бр.25, 26, 28-31, 34), 2 во странство (бр. 27, 32) | 20x3 | 60 | 14Х6 | 84 | 144 |
| **21.** | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди (национален уметник) | 1x5 | | | | 5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **149 поени** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **7.** | Пленарно предавање на стручен собир (бр.35, 36) | | | 2x4 | 8 | 8 |
| **19.** | Стручни награди и признанија (од УГД) | 1x4 | 4 | | | 4 |
| **28.** | Член на факултетски комисии (приемни испити и завршни испити по соло пеење) | 4Х2 | 8 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **20 поен** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **219 поени** |